VIII одделение

Тема: РЕГИОН НА ЦЕНТРАЛНА ЕВРОПА



# ГЕРМАНИЈА (Deutschland)

Наставна содржина



Наставници: Елизабета Каровска
Емилија Кокиновска

# Географска положба, граници и големина

- Германија е Земја која е дел од **Централниот регион на Европа**, воедно зафаќа најголема површина во овој регион и е најбројна.
- Со површина од **356 000км$^2$**, е шеста по големина во Европа.
- На север се граничи со **Данска** и излегува на **Северно** и **Балтичко Море**, на исток се граничи со **Полска** и **Чешка**, на југ со **Австрија** и **Швајцарија**, а на запад со **Франција**, **Луксембург** и **Холандија**. Има поволна географска положба бидејќи излегува на две морињa.



# Релјеф




- Во поглед на релјефот, Германија е составена од **3 релјефни целини**: **низини на север** (Северна германска висина), **висорамнински предели во централниот дел** (Централна германска висина) и **високи планини на југ** (Јужните германски планини).



Баварски Алпи

**Јужна Германија (Ги опфаќа најмногу Алпските Планини), јужно од реката Мајна.**
**Тука се протегаат Баварските Алпи(највисок врв Цугшпиц 2963м) и Бавараската Висорамнина, а на запад е Шварцвалд (Црна Планина), од каде извира Дунав. Богати се со шуми и пасишта.**
**Северниот брег е низок и има голем број на заливи.**

- Северна Германија, е претежно мочурливо земјиште, ги зафаќа бреговите на Северно и Балтичко Море. Во овој дел течат голем број на реки, кои се поврзани со канали (на запад се наоѓаат богати лежишта на јаглени железо)
- Средна Германија, се одликува со средно високи планини (Ајфел, Харц и Тириншка Гора), стари во однос на настанувањето.

Шварцвалд



# Клима

- Се разликуваат главно два климатски типа.
- Првиот е изразито океанска (атлантска) и е застапена во северозападните делови (се одликува со благи зими,топли лета и рамномерни количества на врнежи),
- на југ преминува во континентална (постудени зими, релативно топли лета), додека на Алпите има планинска клима.



# Хидрографија

Хидрографскиот потенцијал на земјата е исклучително голем. Има три сливни подрачја: **Северно, Балтичко и Црно Море.**

Во сливното подрачје на Северно Море се влеваат реките **Рајна(најдолга), Елба(Лаба), Везер и Емс**. Во Балтичко Море најзначајна е реката **Одра** и во сливот на Црно Море, припаѓаат водите на реката **Дунав(која извира од планината Шварцвалд, на н.в. Од1078м.).** Големите реки се карактеризираат со многу притоки и меѓусебе се поврзани со канали, полноводни се во текот на целата година и се исклучително значајни за одвивањето на речен **сообраќај(пловни се и имаат проширени утоки-ЕСТУАРИ**). Најзначаен е **Мителандскиот канал** кој ги поврзува реките **Рајна и Елба**.

Германија изобилува со природни и вештачки езера. Природните претежно се од **Алпски тип** (глацијални), од кои најголемо е **Боденското** (се протега меѓу 4 држави, Германија, Швајцарија, Австрија и Лихтенштајн), езерата **Чимсе, Муриц** и др.



# Население и населби




- Германија е сојузна парламентарна држава. Се состои од 16покраини.
- Има околу 83 милиони жители. Населението главно го сочинуваат Германци, Турци, Италијанци,Срби и т.н.
- Според верската припадност најголем дел се христијани (протестанти,29% и католици 30%) и муслимани (околу 5%). Германците со ненаведена верска припадност претставуваат 34,1% од населението.
- Официјален јазик кој се користи е германскиот.
- Главен град е Берлин(Има население од околу 3,45 м жители, со што е најголем во земјата). Берлин е светски град на културата, политиката, медиумите и науката.
- Најзначајни пристанишни градови се Хамбург, Бремен, Росток и Кил. Други поголеми градови се Минхен, Берлин, Франкфуркт, Келн, Есен, Штутгард, Лајпциг, Дузибург,Дрезден, Хановер и т.н.



# Природни богатства и стопанство

- Располага со големи резерви на природни богатства, има енергетски извори (јаглен, нафта и хидроенергија).
- Развиени се сите индустриски гранки (машинска,автомобилска, метална, електротехничка, хемиска, текстилна, прехранбена, бродоградбена и мн др).
- Најпознати индустриски области се Рурската и Сарската. Најзначајни индустриски центри се Минхен, Берлин, Франкфуркт, Келн, Есен, Штутгард, Лајпциг, Дузибург и др.
- Од земјоделски производи најзастапени се , житните култури, компир, хмељ.
- Има развиено сточарство (говеда, свињи и живина)






# Трговија и туризам

- Има развиен туризам, посебно на Алпите (најпознат туристички центар е Гармиш-Партенкирхен)
- Увезува земјоделски производи и нафта, извезува машини, автомобили и т.н.
- Германија е земја од каде што потекнуваат голем број на брендови, посебно во машинската и автомобилската индустрија (BMW, AUDI, Mercedes).
- Со тоа што има централна положба во Европа, претставува сообраќаен центар.
- Има многу густа и современа сообраќајна мрежа





# Помалку познати факти за Германија





- Милиони луѓе ја посетуваат земјата секоја година. Има доста голема историја и бројни знаменитости кои се примамливи за туристите. Има голем број на замоци(околу 2100).
- Германија е позната по пивото и фудбалот. Секоја година, на 2 октомври, германците го слават Октоберфест(Фестивал на Пивото).
- Берлин е 9 пати поголем од Париз и има повеќе канали од Венеција.
- Германија е една од најгусто населените земји во Светот.
- Германија е еден од најголемите производители на автомобили во светот (Audi, BMW, Mercedes, Wolkswagen).
- Првата печатена книга била во Германија (Библијата).
- Деветта најпосетена Земја во Светот.
- Има најголема економија во Европската Унија, а е четврта најразвиена во Светот (После САД, Кина и Јапонија).
- Се граничи со 9 држави.








Дунав


Франкфуркт

Хановер

Минхен

Дрезден